ЗНМ ЗДРУЖЕНИЕ НА НОВИНАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

# АНАЛИЗА НА ОДЛУКИ НА ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ

## во врска со примената на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда извршени преку медиуми донесени во 2017 и 2018 година

ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА Е ИЗРАБОТЕНА СО ПОМОШ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

АНА ПАНОСКА

# Анализа на одлуки на Основниот суд Скопје II Скопје во врска со примената на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда извршени преку медиуми донесени во 2017 и 2018 година

ЗНМ
ЗДРУЖЕНИЕ НА НОВИНАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета е во сила повеќе од шест години. Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) во соработка со адвокати и новинари има изработено три анализи за примената на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда во предметите оформени против новинари и медиуми, кои се објавени на веб страната на ЗНМ.

Во анализата изработена во јуни 2015 год. овластени лица од ЗНМ во текот на седум месеци следеа вкупно 39 судски постапки на 106 рочишта. Во тој период се донесени осум пресуди, од кои во седум било одбиено тужбеното барање и не е утврдена граѓанска одговорност за клевета и навреда. Само во еден случај судот делумно го прифатил тужбеното барање, утврдил дека постои одговорност за клевета или навреда, но не донел одлука за надомест на штетата.

Главните заклучоци сублимирани од оваа анализа се:

- Судиите кои постапуваат по овие предмети правилно го применуваат законот и ги почитуваат правата на двете страни во постапката, но постојат формални пропусти во одредени стадиуми во постапката кои не се од влијание за донесување на законити и правилни одлуки.
- Должината на траењето на постапката и периодите меѓу закажаните расправи потврдуваат крајна неажурност на судовите.

Во публикацијата „Согледувањата од примената на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда во периодот од почетокот на 2013 год. до крајот на 2016 год.“ (Скопје, 2016 год.) заклучено е дека постапките во кои како странки учествувале носители на јавни функции се одвивале побрзо, а при постапувањето на судиите е забележана тенденција на неоснована заштита на честа и угледот на функционерите. Исто така, се констатира и дека судиите не се доволно обучени за водење на овие постапки и не ја користат судската пракса на Европскиот суд за човекови права.

Во публикацијата на ЗНМ „Примената на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда во судските постапки против новинари“ (Скопје, 2017 год.) анализирани се вкупно седум правосилни пресуди за клевета и навреда во кои тужени се новинари. Сите тужбени барања се одбиени како неосновани.

Трите анализи се дел од континуираните активности на ЗНМ за следење на примената на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета и неговото влијание врз новинарството во Македонија.

## ПРЕДМЕТ НА АНАЛИЗА

Оваа четврта анализа е направена врз основ на податоците од 14 првостепени одлуки, преземени од веб страната на Основниот суд Скопје II Скопје. Одлуките се донесени во периодот од октомври 2016 год. до јануари 2018 год. и се анонимизирани, односно во нив не се наведени личните податоци на тужителите и тужените, согласно на обврската за заштита на личните податоци.

Одлуките се донесени по спроведени постапки оформени по тужби за граѓанска одговорност за клевета и навреда. Утврдено е дека од вкупно 14 првостепени одлуки судот донел:

- 6 пресуди со кои тужбеното барање е уважено или делумно уважено
- 4 пресуди со кои тужбеното барање е одбиено како неосновано
- 4 решенија со кои тужбата што тужбата се смета за повлечена

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОДЛУКИТЕ

- Од поднесувањето на тужбата до донесувањето на првостепената одлука **постапките просечно траеле по две и пол години**.
- Во сите оформени постапки и тужителот и тужениот ги застапувале адвокати;
- Во сите оформени постапки по тужби на тужителите постојат писмени одговори на тужби од страна на полномошници на тужените;
- **Во ниедна од оформените постапки кои завршиле со првостепени пресуди не е досуден побараниот износ за надомест на штета,** односно во секој случај кога е досудена штета утврдена во паричен износ досуден е многу помал износ од побараниот со тужбеното барање;
- Во три пресуди не е досуден побараниот износ на нематеријална штета во пари, туку **тужениот е задолжен на свој трошок да ја објави пресудата** под услови кои ги определил судот;
- Во некои постапки полномошниците кои ги застапувале странките кои имале успех во постапката, **не им е досудена побараната награда за адвокатските услуги** туку е определен значително помал износ;
- **Извршители на клевета или навреда, во најголем дел се правни лица** преку чии медиуми и портали е нанесена клеветата или навредата. Од физичките лица за кои е утврдено дека се одговорни, најголемиот дел се уредници или сопственици на медиуми.

1.

# ПРЕСУДА П5-34/16

- Тужител: А.А. од с. З.
- Тужени: ДТИК АТВ – М.К. ДООЕЛ С. како правно лице и И.С. од С. како физичко лице
- Основ: Надомест на штета за клевета
- Вредност: 25.000 евра

Тужителот А.А. е претседател на политичката партија Демократска Унија за Интеграција – ДУИ. Со Пресудата е утврдено дека првотужениот – правно лице ДТИК АТВ – М.К ДООЕЛ Скопје на интернет страната на дневниот весник Лајм, на која се објавени невистинити факти штетни за честа и угледот на тужителот, во вид на закана дека ќе го исклучи од партијата чиј претседател е тужителот, нема пасивна легитимација, заради што не може да одговара за објавените невистинити факти од страна на второтужениот.

Заради тоа, првостепениот суд по спроведената постапка донел Пресуда со која:

Тужбеното барање правното лице да му плати на тужителот на име нематеријална штета за повреда на честа и угледот износ од 15.000 евра, судот го одбил како неосновано. Судот го задолжил тужителот А.А. да му ги надомести на првотужениот трошоците на постапката во износ од 76.044,00 денари, додека барањето за разликата до предјавените трошоци од 97.562,00 денари, судот го одбил како неосновано.

Судот го уважил тужбеното барање спрема физичкото лице и утврдил граѓанска одговорност затоа што на интернет страницата на дневниот весник Лајм како главен уредник дозволил да бидат објавени невистинити факти штетни за честа и угледот на тужителот. Го одбил тужбеното барање туженото физичко лице на тужителот да му плати нематеријална штета за повреда на честа и угледот во износ од 10.000 евра и наместо тоа го задолжил на негов трошок да ја објави пресудата во ударни вечерни информативни вести – дневник на ТВ Сител Скопје, ТВ Канал 5 Скопје, ТВ Телма Скопје и во најчитаниот интернет портал на територија на РМ во моментот на извршување на пресудата, како и да му ги плати на тужителот трошоците во постапката во износ од 53.073,00 денари.

# 2.

# ПРЕСУДА П5-73/16

- Тужител: Д.П.Л. од С.
- Тужени: С.И. од К. како физичко лице и Друштво за продукција, промет и маркетинг П.М. ДООЕЛ увоз-извоз С. како правно лице
- Основ: Надомест на штета за клевета во пет наврати
- Вредност: 615.000,00 денари

Со Пресудата е утврдено дека првотужениот С.И. од К, како главен и одговорен уредник на второтужениот Друштвото за продукција, промет и маркетинг П.М ДООЕЛ увоз-извоз С., не е одговорен за клевета сторена спрема тужителот преку објавување во повеќе наврати невистинити факти на интернет страницата мактел.мк со намера да ја повреди честа и угледот на тужителот, затоа што текстовите, содржините и коментарите се објавени на приватна интернет страница која не претставува медиум ниту средство за информирање и тужениот не може да одговара за објавените факти од страна на второтужениот бидејќи нема пасивна легитимација.

Заради тоа првостепениот суд по спроведената постапка донел Пресуда со која го одбил тужбеното барање да се утврди дека физичкото лице С.И. е одговорен за клевета сторена спрема тужителот преку објавување во повеќе наврати невистинити факти на интернет страницата мактел.мк со намера да ја повреди честа и угледот на тужителот, како и тужбеното барање да се утврди дека правното лице Друштвото за продукција,

промет и маркетинг П.М ДООЕЛ увоз-извоз С. како издавач на порталот мактел.мк има претпоставена одговорност како издавач на медиум за навреда и клевета сторена спрема тужителот.

Тужбеното барање спрема физичкото лице да му плати на тужителот паричен надомест за повреда на личните права во износ од 2.500 евра во денарска противвредност, како и барањето за разликата од досудениот износ на паричен надомест за утврдена одговорност за клевета до предјавениот износ од 2.500 евра во денарска противвредност и барањето досудениот износ на име паричен надомест за одговорност на клевета во висина од 20.000,00 денари да биде изразен во евра, а исплатен во противвредност на денари, судот го одбил како неосновано.

Тужбеното барање спрема правното лице да му плати на тужителот вкупен износ од 5.000 евра во денарска противвредност со законска казнена камата сметана од пресудувањето до исплатата, судот го одбил како неосновано.

Наместо тоа, судот го задолжил тужителот да им ги надомести на тужените трошоците на постапката во вкупен износ од 65.638,00 денари.

3.

# ПРЕСУДА П5-1/17

- Тужител: Е.К. од С.
- Тужени: Д.Н. од С. како физичко лице и Друштво за издаваштво, графичка дејност и трговија Н.П.К ДООЕЛ С. како правно лице
- Основ: Надомест на штета за клевета
- Вредност: 25.000 евра

Првостепениот суд по спроведената постапка донел Пресуда со која тужбеното барање е делумно усвоено.

Со Пресудата е утврдена граѓанска одговорност за клевета и навреда на првотужениот Д.Н. и второтужениот Друштво за издаваштво, графичка дејност и трговија Н.П.К ДООЕЛ С. спрема тужителот затоа што првиот во својство на главен уредник, а вториот во својство на издавач на порталот објавиле текст со наслов „Сомнителни бизнис интереси му ги урипаат добрососедските односи на Косово“ во кој се објавени невистинити факти штетни за честа и угледот на тужителот.

Тужбеното барање да се задолжи првотужениот Д.Н. на тужителот на име надомест на нематеријална штета за повреда на личните права на чест и углед да му исплати надомест на штета во износ од 10.000 евра во денарска противвредност, додека второтужениот по истиот основ да му исплати износ од 15.000 евра во денарска противвредност, а на сите досудени износи со законска казнена камата сметано од денот на подне-

сување на тужбата до исплатата, судот го одбил како неосновано.

Судот ги задолжил тужените солидарно на тужителот да му ги надоместат трошоците во постапката во износ од 66.695,00 денари, а барањето за трошоци за разликата од предјавениот износ од 355.340,00 денари до усвоениот износ од 66.695,00 денари или за износ од 288.645,00 денари го одбил како неосновано.

Основ за одбивање на справедлив паричен надомест за сторената клевета и навреда се околностите на случајот кои не оправдуваат досудување на справедлив паричен надомест, согласно на упатствата на Апелациониот суд, во врска со примената на Законот за измени и дополнување на Законот за медиуми кој се применува од 24.01.2014 год.

4.

# ПРЕСУДА П5-69/15

- Тужител: Фондација за интернет и општество М. С.
- Тужен: С.М. од Г.
- Основ: Надомест на штета за навреда и клевета
- Вредност: 120.000,00 денари

Првостепениот суд по спроведената постапка на тужителот за утврдување на одговорност за сторена навреда и клевета од тужениот С.М., кој преку интернет порталот Алмакос објавил текст со наслов „Парадокс: Само во М. со меѓународни финансии го бранат режимот без пари" и со намера да го омаловажи тужителот изразил понижувачко мислење поради кое го повредил неговото право на углед, донел Пресуда со која тужбеното барање на тужителот - Фондација за интернет и општество регистрирана во РМ со која утврдил одговорност на тужениот физичко лице С.М. од Г. за сторена навреда, како и одговорност за сторена клевета при што делумно го усвоил тужбеното барање и го задолжил тужениот на свој трошок да ја објави изреката на Пресудата на простор не помал од 1/8 од страницата, и тоа од првата до петтата страна на печатеното средство за јавно информирање.

Истовремено, го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот да му исплати на име надомест на нематеријална штета за нарушен углед, за сторена навреда во износ од 60.000,00 денари со законска казнена камата од денот на поднесување на тужбата до исплата за сторената навреда и сторена нематеријална штета со клевета од 60.000,00 дена-

ри. Го задолжил тужениот на тужителот да му ги надомести трошоците во постапката во износ од 27.836,00 денари, а го одбил како неосновано барањето за разликата од 26.562,00 денари од досудените до побараните трошоци.

Основ за прифатеното тужбено барање за сторена навреда и клевета е тоа што судот со докази утврдил дека тужениот ширел невистини и омаловажувачко мислење со намера да му наштети на угледот на тужителот, преку нивно објавување во текст на интернет порталот Алмакос.

# 5.

## РЕШЕНИЕ П5-14/17 и ПР-15/17

Тужба со Предлог за издавање на времена мерка

- Тужител: Акционерско друштво за производство на електрична енергија Т.Н. во државна сопственост Н.
- Тужен: М.С. од С. со непознато живеалиште
- Основ: Надомест на штета за навреда
- Вредност: 300.000,00 денари

По спроведената постапка за утврдување на граѓанска одговорност за навреда со барање да му плати на име повреда на личните права на углед износ од 300.000,00 денари, судот со Решение утврдил дека поднесената тужба од тужителот правно лице против туженото физичко лице со непознато живеалиште заради што му е определен привремен застапник - адвокат, се смета за повлечена.

Задолжен е тужителот на привремениот застапник на тужениот да му ги надомести трошоците во постапката 7.800,00 денари.

Решението со кое е утврдено дека тужбата се смета за повлечена е донесено заради тоа што уредно повиканиот тужител и неговиот полномошник не се јавиле на уредно закажаната расправа и не го оправдале својот изостанок.

# 6.

## РЕШЕНИЕ П5-32/17

- Тужител: П.Л. од С., преку полномошник
- Тужени: С.А. од С. како физичко лице, Трговско радиодифузно друштво А-М ДОО С. како правно лице и физичките лица А.Ќ од С. и М.Р од С, преку полномошник
- Основ: Надомест на штета за клевета
- Вредност: 927.000,00 денари

По спроведената постапка за утврдување на граѓанска одговорност за навреда и клевета со барање за надомест на нематеријална штета од 927.000,00 денари, судот со Решение утврдил дека поднесената тужба од тужителот физичко лице преку полномошник против тужените физичко лице С.А. од С. и правно лице Трговско радиодифузно друштво А-М ДОО С., физички лица А.Ќ. од С. и М.Р. од С., преку полномошник, се смета за повлечена заради тоа што тужителот во законскиот рок од 15 дена по поднесувањето на тужбата не платил такса за тужба, иако со поднесок од полномошникот на тужителот е приложен доказ со налог за уплата на такса од полномошникот на тужителот која е платена за поднесена тужба против друг тужен, а не тужениот за клевета и навреда.

Тужителот е задолжен да плати судска такса за донесеното решение во износ од 8.000,00 денари.

7.

# РЕШЕНИЕ П5-8/17

- Тужител: Д.Д од К.
- Тужен: Друштво за истражување, анализа и маркетинг Ц. ДООЕЛ С.
- Основ: Надомест на штета за клевета
- Вредност: 60.000,00 денари

По спроведената постапка за утврдување на граѓанска одговорност за клевета со барање за надомест на нематеријална штета од 60.000,00 денари, судот со Решение утврдил дека поднесената тужба од тужителот физичко лице преку полномошник против туженото правно лице Друштво за истражување, анализа и маркетинг Ц. ДООЕЛ С., се смета за повлечена заради тоа што тужителот во законскиот рок од 15 дена по поднесувањето на тужбата не платил такса за тужба.

Тужителот е задолжен да плати судска такса за донесеното решение во износ од 8.000,00 денари.

# 8.

## РЕШЕНИЕ П5-22/17

- Тужител: Друштво за производство, транспорт, трговија и услуги ТДС К. ДООЕЛ експорт-импорт Т.
- Тужен: Трговско радиодифузно друштво А. ДОО С.
- Основ: Надомест на штета за навреда и клевета
- Вредност: 3.500.000 евра

По спроведената постапка за утврдување на граѓанска одговорност за навреда и клевета со барање за надомест на нематеријална штета од 3.500.000 евра, судот со Решение утврдил дека поднесената тужба од тужителот правно лице Друштво за производство, транспорт, трговија и услуги ТДС К. ДООЕЛ експорт-импорт Т. против туженото правно лице Трговско радиодифузно друштво А. ДОО С., е повлечена заради тоа што тужителот со поднесок ја повлекол тужбата.

Тужителот е задолжен да плати трошоци во постапката во износ од 29.146,00 денари и такса за решение во износ од 800,00 денари.

9.

# ПРЕСУДА П5-18/16

- Тужители: А.К., Г.Н. и Т.М. од С.
- Тужен: Ј.К. од С., преку полномошник
- Основ: Надомест на штета за клевета
- Вредност: 440.000,00 денари

По спроведената постапка по поднесена тужба на тужителите физички лица А.К., Г.Н. и Т.М. од С. против тужено физичко лице Ј.К. од С. преку полномошник со барање за утврдување одговорност за клевета сторена од тужениот како главен уредник на печатен медиум – неделен весник „Фокус“ и барање да се утврди надомест на штета за повреда на честа и угледот во износ од по 120.000,00 денари на прво и второ тужителите и 200.000,00 денари на тужителот Т.М., судот го одбил тужбеното барање како неосновано.

Тужителите се задолжени солидарно на тужениот да му надоместат трошоци во постапката во износ од 78.756,00 денари.

Тужбеното барање е одбиено како неосновано заради тоа што судот, врз основ на оценка на изведените докази утврдил дека тужениот нема пасивна легитимација, односно дека главниот уредник, во случајов не одговара според Законот за медиумите зошто во моментов имал улога на друго лице во конкретниот медиум а не уредник како што е посочено во тужбеното барање.

# 10.

## ПРЕСУДА П5-72/15

- Тужители: Здружение на граѓани Ц.Ц. С. како правно лице и Џ.М како физичко лице
- Тужени: Љ.З и Д.П.Л како физички лица и Трговско радиодифузно друштво Т.В.С.С како правно лице
- Основ: Надомест на штета за навреда
- Вредност: 1.230.000,00 денари

По спроведената постапка по тужбата на тужителите правно лице Здружение на граѓани Ц.Ц. и физичко лице Џ.М. против тужените физички лица новинар Љ.З., уредник Д.П.Л. и правно лице Трговско радиодифузно друштво Т.В.С.С. за сторена навреда во новинарски прилог емитуван во телевизиски дневник и утврдување на одговорност за навреда со барање за надомест на нематеријална штета за навредливо и понижувачко мислење во износ од 1.230.000,00 денари, тужбеното барање за навреда спрема сите тужени е делумно усвоено.

Утврдено е дека тужените во новинарскиот прилог емитуван во телевизискиот дневник му ги повредиле личните права и чест на тужителите со навреда, меѓутоа судот го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот Џ.М. да се задолжат тужените да му платат паричен надомест за повреда на личните права со изречената навреда и тоа тужениот Љ.З. да му плати износ од 22.755,00 денари, тужениот Д.П.Л. да му плати износ од 113.775,00 денари и туженото правно лице да му плати износ од 170.970,00 денари.

Тужбеното барање на тужителите да се утврди одговорност за сторена клевета за изнесени невистинити факти во новинарскиот прилог и на тужителот Здружение на граѓани Ц.Ц. тужениот Љ.З. да му плати паричен надомест за повреда на личните права во износ од 45.510,00 денари, тужениот Д.П.Л. да му плати 227.550,00 денари и туженото правно лице да му плати 341.940,00 денари, го одбил како неосновано.

Судот утврдил секоја странка да ги поднесе своите трошоци на постапката.

Одбиеното тужбено барање за клевета произлегува од тоа што судот утврдил дека нема клевета согласно на чл. 8 и 10 од ЗГОНК и чл. 10 од ЕКЗЧП.

Уваженото тужбено барање за навреда според судот произлегува од доказите во постапката и постои одговорност согласно на чл. 6 од ЗГОНК, како и заради тоа што тужениот Љ.З. при давањето на исказот се извинил на тужителот. Според судот, тоа било причина да се утврди одговорност, а да не се прифати барањето за паричен надомест за повреда на личните права.

Одбиеното тужбено барање за клевета произлегува од тоа што тужениот Љ.З. како новинар докажал дека фактите што ги искажал се вистинити.

# 11.

## ПРЕСУДА П5-79/15

- Тужител: Фондација О.О - М. С.
- Тужен: Љ.З. од К.
- Основ: Надомест на штета за клевета
- Вредност: 120.000,00 денари

По спроведената постапка за утврдување на одговорност на тужениот за клевета и барањето на тужителот на име надомест на нематеријална штета за нарушен углед да му плати износ од 120.000,00 денари, е делумно усвоено. Утврдена е одговорност на тужениот за сторена клевета во телевизиска емисија и тоа во вести во 19.00 часот на 05.10.2015 год. во новинарски прилог. Барањето на тужителот за надомест на нематеријална штета од 120.000,00 денари е одбиено како неосновано.

Задолжен е тужениот на свој трошок да ја објави изреката на пресудата во вестите на ТВ С. во 19.00 часот по правосилноста на пресудата, како и да му ги надомести трошоците на тужителот сторени во постапката во износ од 20.861,00 денари, додека барањето за разликата во трошоци до 40.804,00 денари е одбиено како неосновано.

Утврдената одговорност за клевета е заради тоа што судот утврдил дека со објавениот новинарски прилог тужениот без докази и без доволна фактичка основа изнел невистинити факти за тужителот кои се подобни да му наштетат на неговиот углед. Со тоа ги исполнил сите кумулативно предвидени услови од чл. 8 ст. 1 од ЗГОНК.

12.

# ПРЕСУДА П5-61/16

- Тужител: Ќ.Ќ. од Г.
- Тужен: И.П. од С.
- Основ: Надомест на штета за клевета
- Вредност: 300.000,00 денари

По спроведената постапка за утврдување на одговорност на тужениот за клевета и барањето на тужителот на име надомест на нематеријална штета за нарушен углед да му плати износ од 150.000,00 денари, е делумно усвоено. Утврдена е одговорност на тужениот за сторена клевета во телевизиска емисија Анализа 24 на телевизиски канал 24 Вести. Тужбеното барање за утврдување на одговорност за навреда и барањето на тужителот за повреда на неговата чест и углед во износ од 150.000,00 денари се одбиени како неосновани.

Како неосновано е одбиено тужбеното барање на тужителот да се утврди дека тужениот е одговорен за навреда во телевизиска емисија Анализа 24 на телевизиски канал 24 Вести и за искажаната навреда да му плати нематеријална штета за повреда на честа и угледот паричен надомест од 150.000, денари, како и на свој трошок да ја објави изреката на пресудата во еден дневен весник на простор не помал од 1/8 од страницата од првата до петтата страна од печатеното средство.

Барањето на тужителот да се задолжи тужениот да му ги надомести трошоците во постапката во вкупен износ од 217.000,00 денари е одбиено

како неосновано заради тоа што судот утврдил секоја странка да ги поднесе своите трошоци во постапката.

Утврдената одговорност за клевета е заради тоа што судот утврдил дека тужениот изрекол невистинити факти за тужителот и во постапката не ја докажал нивната вистинитост ниту докажал дека имал основана причина да повредува во вистинитоста на искажаните факти, со што ги исполнил сите кумулативно предвидени услови од чл. 8 ст. 1 од ЗГОНК.

Тужбеното барање за утврдување на одговорност за навреда е одбиено заради тоа што не се исполнети условите од чл. 6 и 7 од ЗГОНК заради тоа што судот не утврдил намера кај тужениот да го омаловажи тужителот и заради тоа што кон него не искажал понижувачко мислење со цел да му ги наруши честа и угледот.

13.

# ПРЕСУДА П5-17/16

- Тужител: Џ.М. од С.
- Тужени: М.Н. со непознато живеалиште како физичко лице и Друштво за продукција В.И – М ДООЕЛ С. како правно лице
- Основ: Надомест на штета за клевета
- Вредност: 307.500,00 денари

По спроведената постапка за утврдување на одговорност на тужениот за клевета, тужбеното барање на тужителот е делумно усвоено.

Утврдена е одговорност на првотужениот М.Н. за сторена навреда како автор на текст објавен на 02.12.2015 год. на интернет страница и е задолжен по овој основ на тужителот да му плати на име надомест на нематеријална штета поради повреда на личните права на чест и углед износ од 30.000,00 денари со законска казнена камата сметано од денот на пресудувањето до исплатата, како и да му ги надомести трошоците во постапката во износ од 93.682,00 денари.

Барањето на тужителот за надомест на штета спрема првотужениот за разлика од предјавениот износ од 153.750,00 денари до досудениот износ од 30.000,00 денари или за износ од 123.750,00 денари со законска казнена камата, како и барањето за трошоци за разликата од предјавениот износ од 125.666,00 денари до усвоениот износ од 93.682,00 денари или за износ од 31.984,00 денари, е одбиено како неосновано.

Како неосновано е одбиено тужбеното барање на тужителот да се утврди граѓанска одговорност за навреда на првотужениот затоа што во својство на главен и одговорен уредник на електронска публикација и второтужениот правното лице Друштво за продукција В.И – М ДООЕЛ С. како издавач на електронската публикација објавиле и овозможиле пристап до навредливи информации за тужителот со објавениот текст на 02.12.2015 год. на www.dudinka.mk.

Како неосновано е одбиено и тужбеното барање на тужителот да се задолжи второтужениот правното лице Друштво за продукција В.И – М ДООЕЛ С. на тужителот на име надомест на нематеријална штета за повреда на личните права на чест и углед да му исплати надомест на штета во износ од 153.750.00 денари со законска казнена камата, како и барањето да се задолжи второтужениот на тужителот да му ги надомести трошоците во постапката.

Судот го задолжил тужителот Џ.М. на привремениот застапник на првотужениот на име трошоци за застапување на првотужениот во постапката да му исплати износ од 42.339,00 денари.

14.

# 14. ПРЕСУДА П5-15/16

- Тужител: Т.Т. од П., преку полномошник
- Тужен: Т.С. од П., преку полномошник
- Основ: Надомест на штета за клевета
- Вредност: 600.000,00 денари

По спроведената постапка по поднесена тужба на тужителот физичко лице Т.Т. против тужениот физичко лице Т.С. преку полномошник со барање за утврдување одговорност за клевета сторена од тужената како автор на колумна од 19.12.2015 год. објавена на Фејсбук страницата и барањето да се задолжи тужената заради повреда на личните права на тужителот на чест и углед поради изнесената клевета со зборовите „убиец, криминалец, уништувач, вмешувач во сите бизниси, уценувач, вмешан во црни бизниси дури и нарко мрежа, татко на лудо и нескротливо синче и јавен узурпатор на се' во градот" да му исплати паричен надомест на нематеријална штета во износ од 600.000,00 денари, како и да се задолжи тужената јавно да се извини и дадената изјава да ја повлече на исто место во ист обем и да и се забрани да ја повторува дадената изјава и на тужителот да му ги надомести трошоците во постапката, судот го одбил тужбеното барање како неосновано.

Тужбеното барање е одбиено како неосновано заради тоа што судот, врз основ на оценка на изведените докази утврдил дека тужениот нема пасивна легитимација од причини што тужената во своја одбрана тврди

дека не е таа која што е автор на комуникацијата за која тужителот тврди дека има елементи на клевета Тужителот исто така не поднел барање до соодветен орган за утврдување на точна ИП адреса на тужената.

Тужителот е задолжен на тужената да и ги надомести трошоците во постапката во износ од 34.362,00 денари.

# ЗАКЛУЧОК

- Во претходните три анализи изработени во соработка со ЗНМ, како клучен проблем е истакнат долгиот временски период на траење на постапката.

  Според член 22 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, *„постапката по тужба за утврдување на одговорност за навреда или клевета и надоместување на штетата е итна“*. Судот е должен постапката да ја спроведе без одложување и во разумен рок.

  Со оглед на тоа што од поднесувањето на тужбата до донесувањето на првостепената одлука постапките просечно траеле по две и пол години, повторно и во оваа анализа се воочува проблемот со неажурноста на судовите во постапувањето.

  По истекот на толкави периоди, во постапките во кои е уважено тужбеното барање, пресудата често не ги произведува ефектите кои со законот е предвидено да се постигнат - заштита на угледот и честа и ублажување на последиците од нанесената навреда или клевета.

- Од анализираните одлуки се гледа дека судот во случаите во кои едната страна е новинар што работи во онлајн медиум често го одбива тужбеното барање заради немање пасивна легитимација на тужениот. Со тоа судот практично не ги признава онлајн порталите за медиуми. Во две од овие пресуди судот се повикува на одредбите од член 6 став 3 и член 8 став 3 од ЗГОНК, во кои е утврдено што претставува средство за јавно информирање:

*„весници, магазини и друг печат, програми на радиото и телевизијата, електронски публикации, телетекст и други форми на уреднички обликувани програмски содржини кои се објавуваат, односно се емитуваат дневно или периодично во пишана форма, звук или слика, на начин достапен за широката јавност“*

Така, во Пресудата на Основниот суд Скопје II П5 73/16 (претходно опфатена и цитирана), судот го одбива тужбеното барање на тужителот како неосновано бидејќи смета дека неспорно изнесените клевети и навреди преку приватен интернет портал не се изнесени преку средство за јавно информирање.

Истовремено, во 2018 година има примери од завршени судски постапки пред судовите во другите градови во Македонија, на пример во Охрид и Битола, во кои судот нема дилема дека и онлајн медиумите се медиуми и постапува по тужбите.

Тоа укажува на фактот дека судовите имаат различна практика во однос на третманот на онлајн медиумите. Дел од судовите ги признаваат порталите како медиуми, а дел не.

*Членот 3 од Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда предвидува доколку постои законска празнина или судир на одредбите на Законот со Европската конвенција за заштита на основните човекови права, да се применуваат одредбите на Конвенцијата и становиштата на Европскиот суд за човекови права содржани во неговите пресуди, со предимство над домашното право.*

Тоа значи дека Основниот суд во Скопје уште нема изедначена пракса со другите судови во Македонија, но и дека не ја следи праксата на Европскиот суд за човекови права во Стразбур, каде онлајн медиумите имаат еднаков третман со останатите медиуми.

# Содржина

1. ПРЕСУДА П5-34/16 .................................. 9

2. ПРЕСУДА П5-73/16.................................. 11

3. ПРЕСУДА П5-1/17 .................................. 13

4. ПРЕСУДА П5-69/15.................................. 15

5. РЕШЕНИЕ П5-14/17 и ПР-15/17 ....................... 17

6. РЕШЕНИЕ П5-32/17.................................. 18

7. РЕШЕНИЕ П5-8/17 .................................. 19

8. РЕШЕНИЕ П5-22/17.................................. 20

9. ПРЕСУДА П5-18/16 .................................. 21

10. ПРЕСУДА П5-72/15 .................................. 22

11. ПРЕСУДА П5-79/15 .................................. 24

12. ПРЕСУДА П5-61/16 .................................. 25

13. ПРЕСУДА П5-17/16 .................................. 27

14. ПРЕСУДА П5-15/16 .................................. 29

ЗАКЛУЧОК.................................. 31

ЗНМ

Проектот е имплементиран од ЗНМ

Оваа публикација е изработена во рамките на проектот „Мрежа на новинари за медиумските слободи", финансиран од Европската Унија и имплементиран од Здружението на новинарите на Македонија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Здружението на новинарите на Македонија и нејзините автори и во ниту еден случај не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.